**20191371967**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

По извршеното проверување со изворниот текст, утврдено е дека во текстот на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија, под бр.45-3499/1 од 3 јуни 2019 година, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/19, направена е техничка грешка, поради што се дава

## ИСПРАВКА НА УРЕДБАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА УРЕДБАТА ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕТО НА ОДРЕДЕНИ СТОКИ ВО КОМБИНИРАНАТА НОМЕНКЛАТУРА СОГЛАСНО СО РЕГУЛАТИВИТЕ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Составен дел на Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија, објавена во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.118/19 е и Прилог 424.

Бр. 45-3499/2
1 јули 2019 година
Скопје

Од Владата на Република
Северна Македонија

**Прилог 424**

| Опис на стоката<br>Согласно регулатива (ЕЦ) бр. 321/2019 | Распоредување<br>(Тар. ознака) | Основ за распоредување |
|---|---|---|
| (1) | (2) | (3) |
| Кружен производ со дијаметар од приближно 500 мм и маса од приближно 23 кг. Изработено е од сфероидно графитно леано железо (ковано железо, EN-GJS-500-7). Производот е обоен со црн битумен за заштита против корозија.<br><br>Производот е сертифициран согласно EN 124 стандард (капаци за сливници и контролни шахти за коловозни и пешачки зони) и се користи како капак за канализација (на пример, за атмосферска канализација).<br><br>Види слика (*).<br> | 7325 99 90 | Распоредувањето е утврдено со Основните правила 1 и 6 за примена на Номенклатурата на Царинската тарифа и наименување на тар. број<br>7325, и тар. подброј 7325 99 и 7325 99 90.<br><br>Распоредувањето на производот во тарифен подброј 7325 10 00 како други производи од нетемперирано железо е исклучено зашто нетемперираното леано железо не се деформира при напрегање под притисок, додека сфероидното леано железо се деформира при напрегање при влечење и исто така при напрегање под притисок до одреден степен. Оттука сфероидно графитно леано железо како такво не може да се смета за нетемперирано железо (види, аналогно, пресуда од 12 јули 2018, Profite Europe, Здружени предмети C-397/17 и C-398/17, EU: C:2018:564).<br><br>Распоредувањето на производот во тар. подброј 7325 99 10 како други леани производи од темперирано железо исто така е исклучено затоа што сфероидното графитно леано железо и темперираното леано железо се разликуваат по својот состав и по методот на нивно производство. Дури и ако сфероидно графитно леано железо има карактеристики слични на тие од темперираното железо (EN-GJM), сепак претставува посебна категорија (EN-GJS) (види, аналогно, пресуда од 12 јули 2018, Profit Europe, Здружени предмети C-397/17 и C-398/17, EU: C:2018:564).<br><br>Производот оттука се распоредува во тарифен подброј 7325 99 90 како “други леани производи од друго железо”. |
| (*) Фотографијата е само од информативен карактер | | |